СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 22 септември 1993 година

Скопје, септември 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА 67-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 22.IX.1993 Г.стр.38**

1. АНДОВ СТОЈАН - 4, 8, 10, 11, 14, 17, 35
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 15, 54, 35
3. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 7, 8, 27
4. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 11
5. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 24
6. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 28, 50
7. МАРКОВСКАЃУЛИСТАНА - 9, 10, 26
8. МИНОВ ПАНЧО - 25
9. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 33
10. ПЕТРОВ ТОДОР - 15, 27
11. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 18, 20
12. ПАНОСКИ МИХАИЛ - 31
13. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 33
14. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 16, 36
15. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 5, 21
16. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН - 30

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22, септември 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господа пратеници, ја отворам 67-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Иван Иванов, Горѓи Котевски, Благој Чкатровски, Симон Наумовски, Зоран Крстевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Записниците од 61-та и 64-тата седница на Собранието на РМ ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците?

(Нема)

Констатирам дека записниците од 61-та и 64-тата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

За седницата поканети се претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Господинот Стефковски бара деловничка интервенција.

I/2 пј/вц

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, нашата пратеничка група смета дека не може да се одржи 67-та седница од; причина што не е завршена претходната 66-та седница.

Сакам да укажам дека имаме деловнички пречки за одржување на 67-та седница. Имено, согласно деловникот решението со кое се закажува 67-та седница е на 14 септември. Сега е 22, што значи согласно деловникот оваа седница може да бе одржи на 29 септември. Бидејќи во случајот оваа покана, решението го сметаме ние за поќана е спротивно на членот 97, став 3 од деловникот за работа на Собранието Согласно членот 97, став 1 од деловникот за работа кога се носи решени за седница треба да минат 15 дена за да биде во духот на цитираниот член и став од деловниот, а никако да се скусуваат роковите што веќе зборува ставот 3 каде се зборува за итност. Дека немаме итност во постапката за одржување на оваа седница произлегува од фактот ако земете и да ги проверите законите кои што треба да бидат предмет на расправа на денешната седница ќе видите дека грото закони се со дата јуни, јули, десетина од март 1993 година и повеќе од 15 закони од месец јануари и»1993 година. Значи, немало потреба да се применува кришум да кажам, во една прикриена форма ставот 3 од членот 97. Зошто ова го говорам? Едноставно од причина што кога се прекина седницата од потпретседателот беше најавено нејзино продолжуваше. Зошто не се продолжува 66-та седница. На секому треба да му се јасно имавме многу значајни пред самата завршница. Едно од тие прашања беше за настаните во РЕК односно да бидам појасен требаше да Дојде на изјаснуваше извештајот на надлежната комисија со кој извештај јасно се става во надлежност во случајот со хаваријата во Битола има некои нејасни работи. Да се случеше тоа да се стави на дневен ред да се гласа верувам дека повеќе пратеници, а во основа мислам дека тоа беа и

либералите ќе гласаа за таквиот заклучок на комисијата а буквално преведено тоа значи веќе искажување на недоверба на владата, бидејќи информацијата беше од Владата. За да се спречи тој процес една вешта игра се уфрлува 67-та седница во скусен рок. Тоа е јасно на секому.

Понатаму, ние имаме на 66-тата седница две интерпелации против министерот Фрчковски и против министерот Пешев. Јасно е дека ако дојдеме до тие интерпелации по нив треба да се гласа, треба да се произнесува. А сето ако се поврзе со она што се говорка дека може да дојде на коалицијата и паѓањето на власта на господинот Црвенковски. Ете во една таква режија се прави обид да се одржи 67-та седница на Парламентот на Македонија. Видете ако сакате да играме правилна игра и да немаше никакво покритие, јасно ќе беше дека за оваа седница требаше да се стави интерпелацијата оповторната за господинот Бајалцие, тоа не е сторено нели? Видете една перфидна игра, го залажуваме народот со цел да докажеме овие закони ни се итни, ајде ќе работиме по нив, а кажавме дека сите се од јануари и да од март што едне примерен начин на однесување. Кога дискутиравме и кога расправавме по 66-тата седница по изборните закони ние како пратеничка група дадовме една препорака дека овој Парламент и Владата на РМ мора да водат сметка дека постои една опозиција, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ и група независни пратеници. До ден денес Владата не најде за сходно едноставно да даде сигнал за искажана волја да разговара со пратеничката група во однос на изборните закони. Тоа веројатно ќе продолжи и натаму. Меѓутоа, нас не загрижува што и претседателството на ова собрание е исто така глуво, едноставно не можеше да ја сфати пораката дека ние да дозволиме за овој Парламент да закажув аседници да утврдува дневен ред без нас да консултира. Со други зборови имаме чиста игра во случајов со 67-та седница. Оттука

I/4

сметаме дека деловнички не се исполнети условите за одржување на 67-та седница, туку треба ова собрание да продолжи да работи со 6б-тата седница. Наш предлог е да бидеме јасни и конкретни. Ние Сме спремни како пратеничка група да ги завршиме сите досега прекинати седници. Ако претседателот на Собранието не нашол советници да му кажат како може да се надмине состојбата со 41-та, 51-та, 53-тата седница, ние сме спремни и способни да дадеме таков совет тоа е многу едноставно. Меѓутоа, да одиме во духот на она што сме се договарале досега 67-та седница нема услови да се одржи со деловникот и тоа ќе биде едно насилие врз Парламентот доколку се оди понатаму си остане глуво на ова што јас денеска на еден ваков начин го изнесов во Парламентот. 66-тата седница треба да биде седница на денешниот ден.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, јас сум должен нешто да објаснам. Минатиот пат што е прекината нормално седницата не е прекината туку во часот во кој што се престанува со работа е престанато со работа. За 66-тата седница и таа ќе биде продолжена. , Меѓутоа, видете ние имаме овде предлози за донесување на закони, па и нацрт и т.н. кои денес треба да почнеме да ги разгледуваме и што побрзо да ги минат фазите, затоа што треба да се донесат односно се однесуваат на даноците. Ние треба да овозможиме како собрание од идната година од почетокот да бидат применувани. Ако не држиме сега седница за тие работи, без оглед што тука има и некои . постари работи, кои чекале заради тоа што постојано сме имале како информација, многу итна и многу важна заради која треба да настане ваква или таква коалиција или да се распадне ваква или таква ние постојано сме расправале информации. Сега, видете тие закони ги уврстивме. Ако сакаат тие да чекаат пак кажете, тој и тој закон од јануари или од март нека чека. Меѓутоа, има закони, кои навистина не треба да чекаат. Заради тоа, оценивме дека ако не е исполнет рокот од 15 дена туку 12 дена само, бидејќи материјалите се многу рано испратени кај

сите вас и сите вие ги имате и имате увид и подготовки, сте можеле да ги изведете во склад со Деловникот, правото што ни го дава тоа, сум одлучил оваа седница вака да ја одржиме. Тоа не значи некое одолговлчеување на другата 66-та седница. И таа ќе ја продолжиме Не смеат овие проекти на закони да чекаат зашто пак треба и во државата некои работи да се уредат. Ете за тоа е работата.

За збор се јави господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал да го цитирам членот 97 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, каде што во првиот став децидно стои "Поканата за заедничка седница на сите собир и се испраќа на сите делегати најдоцна 15 дена пред денот определен за одржување на седницата. Не се работи кога стигнале закони! Одредени предлози за донесување на закони се стигнати уште во јануари 1993 година значи, пред девет месеци. Владата не најде за сходно во тие девет месеци да најде термин, затоа што повеќето од нив се и прва фаза односно предлог за донесување, не најде за сходно во овие девет месеци да му сугерира на Собранието, на претседателството на Собранието дека тие закони треба последната, фаза да се расправа во Собранието да кажеме некаде во ноември. Затоа, толкувањето дека законите се одамна во процедура во Собранието не држи, затоа што членот 97 став 4 е дециден. Таму се вели "Поканата". Кажавме кога ја добивме, односно решението за свикување на оваа седница тоа го имате сите вие добиено, меѓутоа, јас би кажал за една недоследност. Ова е телеграмата што вчера во 21 часот ја добив за денешната седница во која стои ве известувам дека во текот на 67-та седница на Собранието на РМ што ќе се одржи на 22 септември 1993 година, ако тоа го овозможи присуството на пратениците, Собранието ќе продолжи со работа по преостанатите точки од 51-та седница, меѓу кои е Предлогот на законот за судовите по кои Собранието треба да го изврши самогласањето. Претседател на Собранието на РМ Стојан Андов. Значи

I/6

ние како Собрание се ставаме во една состојба дека можеме да ја поминеме 67-та седница а ние велиме како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ дека деловнички услови не се исполнети во овој случај односно нема најмалку 15 дена, а во исто време со потпис на претседателот сигурно тоа е заклучокот на претседателството на ова собрание ни се сугерира дека таа седница исто; така можеме да ја прекинеме иако многу се битни, толку се важни тие закони, тврдам, ќе ви кажам дека дел од законите што се одложени за 67-та седница се навистина битни за стопанството на оваа македонска држава, меѓутоа, што се случува. Значи, и покрај актуелноста на тие закони ќе ја прекинеме седницата и ќе продолжиме со 51-та седница... Повторно една недоследност од страна на претседателството на Собранието Единствено што може да влезе во рамките на деловник. Сите одредби за оваа седница, тоа е итноста по членот 99, каде во ставот 2 се вели дела и Владата може итно да предложи одржување на седница односно точни на дневниот ред по итна постапка итн., меѓутоа, тоа треба да го образложи. Ние имаме седница имаме закажано не деловнички не се бара итност со закони кои се дојдени во процедура во ова собрание уште во јануари. Затоа мислам пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ уште на 15.06.1993 година со допис до претседателот на Собранието на РМ господинот Стојан Андов потпишана од координаторот господинот Томислав Стефковски, имаме поднесено за завршување на 41-та, 51-та и 53-тата седница. Досега на ова наше барање, значи некаде повеќе од три месеци не ни е одговорено. Кој е тука конструктивен, а кој не е конструктивен за работата на ова собрание. И би кажал еден тежок збор кој прави циркус од ова собрание, имаме незавршени седници, средствата за јавно информирање, можеби со право не напаѓаат можеби исилено е тоа напаѓање ако сакаме да бидеме собрание односно парламент како што се другите парламенти во другите нормални држави би рекол што исто

I/7

така како пратеничка група се потрудивме да добиеме некои информации во ниту едно собрание нема незавршени седници. Во сите собранија што побаравме информации ни кажаа дека седниците се одолговлечуваат од од однос позиција - опозиција, меѓутоа се завршуваат. Додека не се заврши претходната нова не се закажува. Ние изгледа и како држава и како собрание воведуваме некои новитети односно седниците не ги завршуваме. Затоа, мислам дека ред е да продолжиме со работа по 66-тата седница да се заврши. Би можеле да се навратиме по редоследот на 41-та, 51-та, 53-тата итн. и во рокот ние како пратеничка група би напомнал уште сме спремни ако треба да работиме и сабота и недела сите овие седници да ги завршиме и во рок од 15 дена како што бараме деловнички да биде од поканата која сме ја добиле, односно од решението за свикување на 67-та седница да продолжиме со работа и по таа 67-ма седница, да ги забрзаме, затоа што имаме прва фаза на одредени закони, да ја забрзаме постапката да ја скратиме, ако треба и за тоа сме спремни како пратеничка група - затоа што кажуваме уште еднаш, веруваме и знаеме дека дел, поголемиот дел од тие закони што се предложени за 67-та година се битни за стопанството на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Голубовски, пак деловничка интервенција.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Пак деловнички, но со едно укажување кое што не беше искажано до сега. Протестирам на вообичаената практика да се манипулира со завршувањето на седниците, кое што го оценувам како неспособност на владеачката коалиција внатре да ги регулира меѓусебните односи, да ги изгради правилата на играта и своите интереси, заради тоа што сметам дека прекинувањето на седниците е заради меѓусебно уценување,

правите интереси се оние како од типот на тоа кој ќе биде директор агенција, кој ќе биде национален авио превозник, се игра во Парламентот со довербата

**СТОЈАН АНДОВ:**

Каде ви е интервенцијата, не ја гледам каде е овдека? Вие си ги кажувате вашите размислувања.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Интервенирам деловнички на фактот што во случајов токму вашата партија господине претседател изнудува прекини на седници, заради тоа што да ги реализира некое политичко поместување во стопанството и во меѓусебните односи во Република Македонија. Во игра се интерпелациите на министрите. Познато е за поширoката јавност за нечесните политички игри во кој што е вовлечен македонскиот парламент. Ве молам да си продолжи по природна логика 66-та и да се довршат сите други седници и во иднина да нема прескокнување на седниците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ние да се разбереме, ние во склад со деловникот е закажана оваа седница. Јас ви кажав, зошто е закажана, а во деловникот има одредба која вели дека во итни случаеви, а јас ги оценувам тие итни случаеви кои 6е, закажува седница во рок пократок од 15 дена. Ве молам друга работа е дали Собранието ќе се согласи да се одржи таа седница или ќе го прифати тоа што јас го предлагам. Тоа се утврдува со гласање.

Второ, имаме допис од ВМРО-ДПМНЕ навистина да се овозможи завршување на некои од запопнатите седници. Ве молам, токму поради тоа и по тие седници се потребни 80 гласови, ние мораме да водиме сметка да утврдиме и да видиме кога, прво, има 80 пратеници. Зашто да се разбереме, вие и самите знаете дека имаше еден период кога ние не можевме да собереме 80 пратеници, овде а исто така и да видиме на

I/9

тој начин да се отвори постапка на меѓусебно усогласување на ставовите. Во Собранието не постои само владина коалиција туку постои и опозиција за 80 гласови сите знаете дека се потребни и гласови:на дел од опозицијата. Според тоа, тоа се условите кои треба да бидат исполнети некои седници да бидат завршени. 51-та седница е прекината со завршена расправа. Ние претресот го затворивме, не минавме на; гласање. Затоа што во салата немаше 80 пратеници што Уставот го бара тоа. Оттогаш наваму, сите обиди да се постигнат некои согласности да имаме можност да го донесеме тој закон не се покажале, барем не сум известен за таа работа. Сега, бидејќи оваа седница, мислам ќе потрае заради тоа што има повеќе ........ За 53-тата седница господине Пановски вие знаете една пратеничка група побара да се одложи продолжението.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Да, но вие рековте дека ќе оставите за следната недела да продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе бидам известен од пратеничката група, седете си вие мирно тамо ќе добиете збор, овде, ќе кажете, ништо натаму, само си седете. Е така. Кога ќе бидам известен дека се створиле услови да се продужи ќе продолжиме, ништо натаму.

Затоа ве молам ние .сега да продолжиме со оваа седница за да можеме да ги истераме работите што ни се сега на дневен ред што се срочни и манипулации се тие и тој манипулира со Парламентот што стално измислува нешто да смета ниеден закон да не се донесе а сакаме ние закони да донесеме. Тоа е наша основна работа, да се разбереме.

Молам, госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас му се извинувам на претседателот и на пратениците што морав да интервенирам од место. Причината беше да го потсетам а тоа може да се провери во стенограмата на ова Собрание дека за 53-та седница на која што требаше да се расправа за јавните гласила и која што стана историска тој рече точно една пратеничка група, меѓутоа јас потсетувам дека пратеничката група на СДС побара пауза од еден односно од два дена и рече дека за тоа ќе го информира претседателот, а претседателот рече дека дури ако не биде информиран се разбира дека ќе ја стави следната недела на дневен ред.

Инаку, бидејќи го слушнав образложението за продолжување на 41, 53 и другите седници кои овој Парламент не ги продолжи барам да ми ги објасни причините кога ќе продолжи 66-та седница, односно условите бидејќи инаку сите други образложенија паѓаат во вода и ова е класичен пример за дезавуирање и за манипулирање со Парламентот на

II/2.-

Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не знам за што вие расправате, навистина. (реакција на дел од пратениците во салата) Ве молам, чекајте малку, во што е работата? Имаме овде решение, сум го издал, ќе гласа Собранието, се прифаќа, не се прифаќа. (некој од пратениците бара процедурално) нема процедурално господа. Седниците јас ги закажувам, вие не ги закажувате. Вие можете да предложите уште нешто да влезе на дневен ред, нешто друго да влезе, не можете тоа, друго не може. Тоа е работата.

Господин Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Ќе ја искористам оваа процедурална дискусија да го кажам и мојот став односно мојот предлог, а тоа е Парламентот да не продолжи со 67-та седница туку да се врати на 66-та односно таму каде што застанавме да продолжиме. Од кои причини го давам тој предлог. Ги поддржувам сите ставови што беа изнесени од претходните пратеници на опозицијата и веднаш на почетокот сметам да кажам дека навистина се наоѓаме во една малку парадоксална состојба, а тоа,ле опозицијата да ја убедува позицијата дека конструктивно треба да работиме со овој парламент, наместо притисокот да иде од другата страна од коалиционите партнери или како што во последно време се нарекува од страна на парламентарното мнозинство од нивна страна да доаѓаат тие идеи како што поскоро да завршиме со заостанатите седници, како да бидеме што поконструктивни. Ние се наоѓаме во обратна ситуација, тоа е опозицијата да ја убедува позицијата дека конструктивно треба да се однесуваме на оваа седница на Парламентот.

II/3.-

Имаме една многу јасна логика за која зборуваа сите пратеници досега. Имаме 66-та седница која тече. Таа 66-та седница е блокирана односно прекината во средина на расправата за една точка. Што има пологично отколку ние да продолжиме таму каде што е сега застаната 66-тата седница со исцрпување на целиот дневен ред и на тој начин навистина да покажеме една конструктивност.

Господинот претседател на Собранието ја образлага и итноста зошто треба да се продолжи со нова седница, 67-ма. Јас апсолутно го прифаќам предлогот на пратеникот Стоиле Стојков ние да продолжиме денеска со 66-та седница да работиме денеска и утре. Доколку законите од 67-та седница се толку итни за македонската држава да продолжиме петок, сабота и недела да ги завршиме сите тие точки. Ако итноста ние еве ја изразуваме таа спремност да работиме, а јас сметам дека и пратениците односно пратеничките групи на владината коалиција немаат ниту еден аргумент да не речат зошто ако е веќе толку итна работата да не ја завршиме работата што поскоро. Тоа е едната работа. Зошто ни е потребно тоа. Тоа ни е потребно токму од тие аргументи. Овој македонски парламент секојдневно се напаѓа од средствата за јавно информирање, од граѓаните на Република Македонија, од разни политички структури, од разни вонпарламентарни партии дека не заслужува да биде парламент на оваа Република Македонија, дека парламентарците во тој парламент прават од него циркус, дека правата ваква диверзија или онака дивезија.

Еве еден момент каде што ние сите можеме да ја покажеме нашата желба за конструктивност овој Парламент да продолжи со една навистина нормална работа, перманентна на се она што досега се случувало. Оттука јас навистина не гледам ниту една причина за продолжуваше со нова 67-ма седница и сметам дека ова дури со

гласање можеби треба да се разреши, а тоа е враќање на 66-та седница и да продолжиме таму каде што сме застанале последниот пат.

Истовремено ќе кажам, изразувам спремност ако смета дека некој од овие закони од 67-та седница се толку итни да продолжиме со работа по истите закони во наредните денови што доаѓаат пред нас. Меѓутоа сметам навистина дека е крајно време со вакви слободни импровизации на парламентот да му штетиме навистина на целиот парламент без разлика од која партија доаѓаме дали од опозицијата или од владината коалиција.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во името на независните пратеници предлагаме да продолжи 66-та седница, со следното образложение. Не ги прифаќаме причините од образложението на претседателот на Собранието зошто не се продолжува со 66-та седница бидејќи на тој начин елегантно ја префрла одговорноста за неработењето од себеси врз пратеници на Парламентот. За нас лично тоа е пример на манипулација со Парламентот. Од кои причини: Парламентот разгледува информации а се вели дека не разгледува закон&. А, треба и закони, тоа е функцијата на Парламентот. Никој од нас не е против тоа, меѓутоа Парламентот е должен да ги разгледува сите точки кои што ќе ги утврди на дневен ред за седница на Парламентот. Нас не интересира претседателот зошто не ги исполнува своите обврски од членот 98 од Деловникот на Собранието. Претседателот е должен секое прашање што го добил според членот 98 од Деловникот до пред свикувањето на седницата по обврска на Деловникот да го стави на дневен ред. Од оваа 67-ма седница сами видуваме дека има закони кои се во постапка во Собранието дадени уште до јануари оваа година. Која е причината што претседателот тие

II/5.-

законски проекти не ги ставил на првата наредна седница од денот кога ги добил законите, а да ги става сега на 67-та седница и да го обвинува Парламентот дека ете не сака да ги разгледува законите, туку сака да расправа по некои незначајни информации.

Наш предлог е и од независните пратеници бидејќи тоа е и уставна обврска дека ова Собрание е во постојано заседание Собранието да работи и секој работен ден од 9 до 17 часот затоа што и оние што се точки од 66-та седница можевме да ги завршиме во времето четврток. и петок по прекинувањето на 66-та седница.

Затоа на крајот го повторувам предлогот не прифаќајќи го префрлувањето на вината за неработењето на Парламентот во сите предмети кои се во постапка достави до пратениците да продолжиме по 66-та седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само да се разјасниме. Јас во склад со Деловникот сум закажал седница, 67-ма. Зошто некои од тие предлози не биле порано ставени, тоа можете да го видите, дневните редови на сите досегашни седници какви биле и колку биле преобемни и со какво настојуваше овде сме уфрлале сосема други работи и како сме се задржале овде. Меѓутоа, не прифаќам за тоа дали јас ја терам работата или не да се расправа со методот на господинот Петров кој овде дискутирајќи сосема по друго прашаше тоа го поставува . Тој може тоа да го покрене за мојата работа само така како се покрева. Никако на друг начин. Не прифаќам таква расправа не заради Петров туку за било кој друг.

II/6.-

Сега, ако има некој проблем во тоа, тоа покренете го, може да се расправа. Инаку, ви предлагам да дојдеме, да минеме на изјаснување на предложениот дневен ред.

Господин Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Господа пратеници јас нема да нападнам никого, меѓутоа многу смешни изгледаме пред целата јавност во Македонија и пошироко Видете зашто, не сакам да кажам зашто, зошто ќе речеме, ќе речете или ќе речат луѓето лажеме. А, фактички, сами се лажеме. Тоа ми личи вака мене. Еден добар орач ја работи нивата. Ние сите сме тие што ја работиме нивата и еден пат викаме нека остане таму плугот да рѓоса. Ние заборавивме на него. Значи сами си правиме штета не гледам сега зашто , не мора сега тука да се.-читаат закони, не знам што таму, членови од законот и кој е Деловникот и што е Деловникот. Јавно тоа се знае дека ние не работиме, не работиме како што треба. Не сакав да ги споменам ниту тие седници кои што ние сме ги заборавиле. Тоа е за жал така. Не сакам да кажам тоа е јавно дека има нечии прсти во сето тоа, меѓутоа што е така тоа е така и зашто сега е пречката, јас не го разбрав претседателот на Собранието што е сега пречката да не ја продолжиме таа, прекинатата седница и да прејдеме утре на таа другата седница. Не знам сега што пречиме, кому пречиме. Ако му пречи на некој од министрите нека стане тука да образложи дека веќе е време оваа работа да ја завршиме, а на другиот министер да ја оставиме работата за утре.

Затоа, ќе ве молам, нека се изјасни Собранието, меѓутоа да се изјасниме умно не да ни викаат на патот да не фаќаат луѓето да викаат вие не работите. Нека знае народот дека ние работиме, не сме

II/7.-

пратениците ние што пречиме, но да се изјасниме за тоа што го заборавивме. И пак ќе го повторам тоа ми личи фрли го плугот нека рѓоса да не можеме утре да ораме, да ја оставиме угар нивата. Така ја оставаме државата. Малку попаметно, ве молам, не знам, не знам јас. Пак ќе повторам ако некој министер сметам дека е поважен од другиот министер нека стане да каже дека јас сум појак министер и сакам моите работи да ги завршите, а ќе го оставите тој послабиот министер утре пак да му ги завршиме работите. Кога почнуваме една работа да ја завршиме.

Благодарам на внимание.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, јас повторно излегов само да укажам на една работа. Кога реков дека согласно Деловникот нема услови да се одржи оваа седница, тоа е факт. Со чинот на издавањето на решението до страна на претседателот за закажување на седницата рокот е 15 дена. Се што е покусо од 15 дена зборува за итност што во случајот претседателот се обидува да ја докаже на начин што е спротивен на Деловникот. Итноста не се докажува како што мисли претседателот на Собранието. Имате таму одредба мислам дека е став 3 од член 99 од Деловникот. Само во тие случаи има итност и може да се скуси рокот од 15 дена, инаку во никој случај. Ако веќе си дозволиме да одржуваме седница како што се има намера денес јасно е дека ние го рушиме угледот на овој Парламент не само во Републиката туку и пошироко. Затоа сметам дека нема услови да почне 67-та седница, едноставно треба да продолжиме со 66-та каде што застанавме и тоа ќе биде се во духот на Деловникот.

Погледнете ќе ви направам една мала споредба. Ако не ја добиевме да речам телеграмата со која што се најавува одржување односно продолжување на 51-та седница јасно ќе му беше на секого дека нешто се работи, нешто се вари во овој Парламент. Со други зборови

очигледна е намерата за манипулирање и изигрување токму со завршувањето на 66-та седница. Ако за 51-та седница се потребни 80 гласови за да се донесе Законот за судовите, за продолжението на 66-та седница, за гласањето на законите што се предвидени на таа 66-та седница се потребни 41 глас. Сфаќате каде имаме една игра Се плашиме значи да ја продолжиме 66-та седница. Нашиот став, да бидам пократок, е денеска да продолжиме со 66-та седница, да се потрудиме да ја завршиме, а во утрешниот ден да почне 67-та седница.

Барам по ова да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, прво седници само јас закажувам и за тоа се гласа. Не се гласа за тоа што некој сака, кога сака каква седница да биде. Вие предлагате точки на, дневен ред. Тоа е точно, тоа е Деловник и тогаш има ред, инаку секој би кажувал седници и точно ќе си одбере која седница. За тоа да се разјасниме.

Второ, за овие закони што се од јануари итн., за секој на прва наредна седница е известено Собранието точно зошто не е внесен на дневен ред во Собранието и Собранието тоа го прифатило. Точно е во таканареченото чистилиште за се што се прима овде во Собранието ве известувам, за се ве известувам и Собранието го прифаќа тоа, после одиме натаму и се изјаснува. Тие инсинуации и таа сметка дека гледачите не знаат што пишува таму па ќе ги превариме, ќе нафрлиме на луѓето нешто таа работа настрана. (пратеникот Тодор Петров реагира од место) Не, не, не вие убаво знаете, само друго зборувате. Точно тоа, ве молам натаму сега.

Закажувањето на оваа седница е во склад со правата мои во членот 97 од Деловникот третиот став. Вие што се повикувате на Деловникот и итноста тоа е во членот 99. Итноста за секоја точка ја

докажува предлагачот, а за итен случај да свикам седница само јас имам право да свикам. Според тоа, Деловникот тоа право го дава. Правите разлика од тоа што значи итност по точка и итен случај за викање седница. Тоа ми е само мене дадено право. Ве молам, дали ќе се одржи 67-ма седница или нема да се одржи ќе одлучи Собранието овде со мнозинство гласови. Тоа е така. Ве молам господине Петров, јас немам инструмент вас да ве доведам во ред да се однесувате како секој друг пратеник. (Реакција на пратеникот Тодор Петров од место). И вие мене ми префрлате и полемизирате со мене и тоа од место без да ви дадам збор, тоа не се прави во ниеден парламент.

Ве молам да продолжиме сега.

Господин Петковски сака нешто процедурално да каже.

Само ред мора да има, да се разбереме, мора да одиме по некој ред, инаку секој свој ред ако стави ништо не бидува од таа работа.

**ТИТО ПЕТГКОВСКИ :**

Почитувани колеги, ние очигледно си останувaме доследни на праксата што ја воведовме на почетокот на овој мандат кога се утврдуваат дневните редови да расправаме по пет - шест часа можеби цел ден. Мене ми е сосема разбирлива позицијата на опозицијата и јас да сум во опозиција истото би го правел. Што повеќе да правам опструкција, блокада на Владата, на коалиционите партнери итн., тоа е логична работа во парламентарниот систем. Меѓутоа, (реакција на пратеникот Флоровски од место) има место овдека можевте да говорите господине Флоровски, не е забрането овде. Меѓутоа, има некои работи кои навистина ние како пратеници избрани од народот мора да ги имаме во вид. Основната функција на овој Парламент по стоти пат е повторена е да носи закони, не да расправа по информации. Ние веќе четврти месец не донесовме ниту еден закон, а сакаме да функционира

системот, а треба да создадеме услови македонската држава да се конституира во сите свои параметри. Конституиравме законодавна, извршна, а судска сеуште не. Не дозволуваме законот за судовите. да се донесе за да може да се конституира таа власт. Според тоа, не може да функционира државата ако не е апсолутно организирана со сите институции на власта, со сите алки на власта, а има некои закони кои што токму овозможуваат да тече нормално животот.

III/1.-РД/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ние еве цело време расправаме за меѓупартиски, меѓуполитички констатации, за еден случај, за друг случај, една интерпелација ќе се симне од дневен ред, друго се кажува, само до бесвест да се говори овдека, и да користиме ова што телевизија ни го пружа, да си правиме бесплатна пропаганда на политичките партии. Само една илустрација вчера што ми го кажа колегата од Словачка, кога се пренесува директно од Парламентот седницата, седниците траеле по 15 дена. Кога престанале директните преноси седниците траеле по ден два. Според тоа, можеби има лек на тој план да размислиме. Но во овој случај претседателот нека оцени и претседателството. Овие закони што ги предлага Владата, тоа значи заокружување на даночниот систем без кој не може да функционира ниту една држава. Тоа мора да го направиме, тоа е приоритетно и тоа го раководеше претседателот и претседателството да се определиме да ги завршиме овие закони, бидејќи ако не ги донесеме до крајот на годината, новиот даночен систем не може да функционира. Тоа треба да ни биде јасно и јас мислам дека тоа е многу поважно, отколку да речеме да падне некој министер, па да дојде друг министер. И ако сме доследни вие сите овдека од опозицијата ,се залагате 66-та седница да ја завршиме, а вие не сакавте да влезете во салата за 66-та седница, бидејќи се носеа закони, а штом почнаа информации, некои тревијални работи, периферни работи за одговорност на овој или оној, салата е полна по 300 пати се јавува еден, тоа нема никаква функција на Собранието. Јас ве молам да прифатиме да расправаме за она за што навистина сме избрани. Да влегуваме во Парламентот и да донесеме пред се закони, а ако некој не е задоволен од министерот и од Владата да ги искористиме уставните и законските инструменти, за доверие на Владата.

III/2.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека полека но сигурно, ова македонско Собрание ќе си ја оствари својата функција, односно ние како пратеници ќе си ја оствариме својата функција, затоа што граѓаните ни дале мандат. Јас зошто го велам ова. Едноставно од претходниот говорник слушнавме за некоја принципиелност, односно носење на закони итн. Ја се согласувам потполно со тоа и мојата пратеничка група се согласува и ние го кажавме тоа. Меѓутоа, сигурно за некого треба да се повтори. Еве зошто. Кажавме овде дека повеќето од тие закони таму се испратени во јануари месец, во март и во јуни месец особено законите околу даноците. Меѓутоа, во август месец по барање на Владата се свикува 66-та седница по итна постап- ка, а за таа 66-та седница, размислувајќи Владата дека тие закони се битни, ги нема никаде. Не се ставени во дневниот ред. Тоа е прво принципиелно прашање. Зошто ако коалицијата, односно како што сега така би рекол милувавте да кажете Владата на парламентарното мнозинство, сега е очигледно дека имате парламентарно мнозинство, затоа што имате некаде 76 пратеника, зошто на таа седница не беа ставени тие закони, туку таа не се завршува од проста причина што овде во ова Собрание целата македонска јавност беше свесна дека коалицијата односно, односно тоа парламентарно мнозинство не можеше да обезбеди 61 пратеник, а на цела Македонија и е јасно дека како парламентарно мнозинство имате 76 пратеника.

Прво, опструкцијата јас ќе ви кажам повторно беше од ваша страна, затоа што овде од оваа говорница се изнесе, што барате вие од опозицијата кога ние имаме парламентарно мнозинство и тие закони за кои се потребни 61 глас, ќе ги донесеме и без ваше учество Колку вие да поднесувате амандмани итн. Меѓутоа, се виде дека таа коалиција кога се

носат такви закони не може да собере 61 глас, односно се покажа дека истата таа коалиција, односно парламентарно мнозинство со гласање ги симна точките, односно ги одложи тие три точки кои се однесуваат на изборните закони. Тоа е принципиелно прашање. Секој кој е чесен во оваа македонска држава треба да размисли логично, со својот мозок без да му се натура нешто. Јас сакам овде да кажам дека за незавршените седници точно е дека за два закона се потребни двотретинско мнозинство. Тоа е факт. Меѓутоа, колку гласа се потребни што не е донесен законот за личната карта, односно законот за личната карта требаше да биде на 41-та седница. Ние бараме со. свое барање пред три месеци да продолжи таква седница, односно да се донесе законот. Битен ли е законот за личната карта? Друго е прашање дали вие во тоа парламентарно мнозинство имате уцени и закани од една ваша членка на таа коалиција би ја нарекол, односно се виде и од последниве уцени и закани, сега гледавме во неделата, досега немаше на Македонската телевизија дневници во неделата на албански јазик и на турски, а сега има. Значи една од уцените е прифатена.

Втора работа, промена, односно примање на одреден процент и во училиштата. И за тоа сме свесни, за ученици итн. Тоа е ваша работа на парламентарното мнозинство и решете си го тоа. Меѓутоа немојте македонската јавност да ја уценувате за тоа дека нема уцени. Има уцени.

Од 51-та седница по точките:Предлог за донесување на закон за национализација на целокупниот движен и недвижен имот на општествено - политичките и други организации што се укинати или чија функција престана со амандманите 57 до 80 од Уставот на Република Македонија. И тоа е закон господо. Вие не сакате да се продолжи и по такви закони. И Предлог на закон за судовите. Точно, Информација за

статусот на бегалците од БиХ во Република Македонија, Барање на пратениците Алил Џафероски, Панчо Минов и Џелил Таири за измена на Одлуката за основање на привремена комисија за испитување на околностите околу протесните собири во Куклиш, Радовиш и Скопје, заради сменување на раководителот и за определување на рок за доставување на извештајот до Собранието! И таа точка не е завршена. Информација за проблемите сврзани со снабдувањето на Републиката со нафта итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нема смисла за тоа да зборувате господине Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Господинот пред мене излезе и кажа дека ние сме непринципиелни во носење на закони. Меѓутоа, на таа иста седница 53-та стои Информација за имињата и презимињата на сите пратеници и членови на Владата сегашната и претходната кои подигнале девизни средства, а таа можност не била дозволена за останатите девизни штедачи.

Тоа за мене е многу битно прашање господа, ако не е еднакво на законот. Еве ќе ви кажам уште еден закон. Предлог на закон за донесување на личното име. Еве ви уште еден закон, вие велите нема закони на тие седници. Зошто вие како парламентарно мнозинство не се потрудите досега тие закони да се донесат. Ние сме спремни. Тоа со допис го докажавме уште пред три месеци на 15-06-19 93 година. Тоа е таа принципиелност господа што ја очекувам од сите пратеници. И 53-та седница ќе ја спомнам Информација за организационата поставеност на средствата за јавно информирање во Република Македонија и состојбата на македонската радио телевизија. Кој мисли дека ова прашање не е

битно, ја ќе ви кажам дека е многу битно, затоа што на 150 илјади граѓани во Република Македонија деновиве им одат со полиција и со судии и на селаните, дури имаме и таква информација дека опинците им ги земаат, затоа што не платиле телевизиска претплата. Каква куќа ни треба. и ние како парламентарна група и како партија ВМРО-Демократска партија за национално единство велиме дека ни треба таква куќа, национална телевизија, меѓутоа треба да се изнајде начинот на финансирање на таква една куќа согласно Уставот. Уставниот суд расправаше по ваква една работа сеуште благодарејќи на Владата не донесе решение дали е уставна претплатата или не е уставна. Исто тие луѓе што се вработени во македонската радио телевизија бараа нивниот статус да се реши еднаш. Тие се исто така битни прашања. Затоа не држи дека во овие точки немало закони кои можат да се донесат со 41 глас или 60 гласа. Тоа господа, е принципиелно прашање.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, господинот Тито Петковски во негов препознат стил се обиде да ни каже дека не е проблем што те прават луд, туку си крив што не мислиш дека си луд. Тој сакаше да каже дека овде ние не сакаме да донесуваме закони, туку сакаме да расправаме само по некои информации. Дека тоа воопшто не е точно докажува и фактот дека ние од сите закони што сме ги донеле 80% се измени и дополнувања на законите од претходниот систем. Во последно време донесуваме само измени и дополнувања на закони во кои што се менуваат фактите, т.е. казните што треба да ги плати народот, а за оваа 67-ма седница се ставени на дневен ред 36 точки, од кои 21 точка се измена и дополнување на казнените одредби, што јас не го сметам за закон а потоа има десетина прегледи за донесување на закони во прва

фаза и има два - три закона кои што се во фаза на нацрт, т.е. втората фаза. Знаеме дека ова Собрание не донело ниту еден закон, т.е. тие закони што ги донело не може да функционираат без пропрат ни други закони. Така да не можеме да кажеме дека Владата понудила некој коегзистентен закон кој што може да се применува без некои други дополнителни акти, што секако недостасуваат. На пример Законот за здравство го донесовме, па го менувавме, па треба уште еднаш да го менуваме. Законот за царина го донесовме без царинските тарифи, така да тој не може да функционира како што треба. Сега се на дневен ред Законот за експропријација кој што воопшто не може да функционира без други закони. Законот за станбени односи итн., да не ги набројувам сите. Илјада закони ние можеме да донесеме и само да се фалиме дека сме донеле 300 закони од оформувањето на ова Собрание, а можеме да кажеме дека сме донеле само три кои што функционираат. Господине Петковски воопшто не е точно дека ова Собрание, овие пратеници не сакаат да донесуваат закони и се занимаваат само со информации и со скандали, туку секогаш скандалите се прикриваат од ова Собрание, и ова Собрание ќе нема авторитет и овие пратеници ќе се однесуваат онака како што се однесувале. Шеесет и шестата седница и сите претходни седници треба да завршат за да ние пратениците на една седница да го расправиме работењето на ова Собрание за да можеме да продолжиме со оваа 67-ма седница. Овдека имаме и 65-та на која што требаше ова Собрание да се претвори во судница и да донесе пресуда. За тоа треба да разговараме господа пратеници.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитувано претседателство, по повод оваа расправа за утврдување на дневниот ред, за оваа седница, сакам да реагирам на две работи.

III/7.-

Првата работа е упорното силување на оваа говорница од поголем број на•дискутанти и би молел да бидеме парламентарни према говорницата.

И втората работа, измешаноста на улогите на претседателството и членовите на Парламентот. Јас мислам дека една работа што може да се каже со еден пратеник нема потреба и нема смисла за оптоварување на нас како колеги, да се кажува од шест души едно те исто со иста аргументација. Аргументите се слушнаа и од страна на претседателството и од страна на опозицијата. Јасни се намерите. Јас мислам дека претседателството и претседателот да понуди закон за Владимир Голубовски, закон за Тодор Петров или Гулистана Марковска, тие ќе речат повторно дека не чинеше законот. Тоа е мислам јасна работа и нема потреба да се повторува по сто пати. Намерите од една страна се да се расправа по она што не е надлежност на Собранието, информации, одговорност да се руши или да не се руши, а намерите се она што е основна задача и сите ние што овде сме дојдени тука за тоа сме дошле да работиме за носење на закони. Затоа би молел да се прекине со оваа јалова расправа и за она што е предложено во дневниот ред да се гласа, а се она што е лично видување и лична желба да се изрази преку гласањето и навистина да има критериум да се продолжи со оваа седница или да се одлучи поинаку.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, навистина можам да зборувам за својот пример, а не и за другите пратеници дека воопшто не ми е потребна ЕПП реклама или пак недај боже да се донесе некој закон за мене. Колку што на сите присутни овде во овој Парламент им е досега барем јасно, мислам секогаш сум се залагала за одредени принципи, а во овој случај

принципот беше 66-та седница да се заврши и да се почне со 67-та. Ако тоа е некому равно на ниво на закон, тоа зборува за неговите познавања што треба да содржи еден закон, а впрочем, претходниот господин беше и правник, па не треба да се кажува многу за тоа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Што се однесува до излагањето на господинот Минов, дали е потребно закон за Петров, за Марковска и за некои други пратеници, би кажал дека овој Парламент Петров не му дава третман на закон, го разгледува преку информации, а таква беше 65-та седница, каде што се изживуваа коалиционите партнери, за да ја остават незавршена во време август месец дена после поднесувањето на даночните закони кои се на дневен ред и за кои господинот Тито Петковски многу е загрижен зошто овој Парламент не ги донесува. Меѓутоа, редно е да донесеме закони за керозинот, за директор на агенцијата, за спроведување на Законот за трансформација, за директор на јавно претпријатие, аеродром и други услуги, така да тогаш сигурно Парламентот ќе расправа посочно, отколку да се занимава со пратениците Петров, Марковска и Голубовски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предложете ги тие закони ќе ги донесеме.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас сум по природа стрплив човек и се надевам дека господинот Минов ќе доживееме лично да сфати дека живееме во слободно време и дека лојалноста спрема една партија не се докажува на таков начин како што тој тоа го чувствува како потреба.

III/9.-

**КОЈТЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници прво сакам да протестирам на излагањето од страна на господин Тито Петковски спомнувајќи друга држава на една обична средба веројатно, сам што си ја конструирал, давајќи си право, на едно авторско право во кое што јас тука што го спомнав пред шест месеци на чија сметка и ден денес на вториот канал од една емисија "Неделно попладне", кој користи таканаречени телевизиски ѕвезди. Јас тогаш го потенцирав тоа. Веројатно Тито Петковски моето искажување дека доколку нема телевизиски преноси седниците ќе се намалат,сигурно тоа го кажав прво јас и протестирам на моето земање на авторското право.

Второ, мислам тоа како.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да бидете сериозни.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Јас мислам дека е сериозно Тито Петковски доколку има секоја недела претставник од друга држава може да ни кажува тука, а не ние што кажуваме. Сигурно ќе му треба на господин Тито Петковски да оди во некоја друга држава, па да назначи друг директор на македонската телевизија, да каже кој треба да биде. Во ова Собрание, малку и посериозни да бидеме, јас мислам дека доста сериозни бевме во досегашниот настап.

За година дена откога е оваа Влада освен три-четири закони кои не се довршени, ниеден закон како што кажа и колешката наша Биљана Лазаревска, освен занимањето кој ќе биде директор и кој од пратениците не е сместен на соодветно место, до тогаш нема да се дискутира за закони. Зошто го кажувам тоа

III/10.-

Последнава година претстојното Собрание така работело и така ќе работи и ова Собрание. Погледнете ги актите на последната година од работата на претходното Собрание, ќе видите како се носело на брзина било какво именување или закони. Исто сега ние го повторуваме. Зошто го повторуваме? Бидејќи така сакаме да мислиме а мислиме како бевме научени досега. А за тоа така не учи и ден денес господинот Тито Петковски. Се лажеме и ништо повеќе. Ве молам, законите Владата, на чело со претседателот на оваа Влада ни вети пред година дека на овој ист |месец, можеби и денот не го промашивме дека ќе се работи на носење по итна постапка на било кој закон. Но законите не се кочат од опозицијата, не од мене лично. Повелете понудете ни и во сабота и во недела закон, јас лично ќе бидам присутен тука, но верувам дека Тито Петковски нема да^биде присутен на оваа седница, како што не беше присутен и на 65-та седница со прекинувањето и на 66-та седница.

IV/1 ЈМ/НД

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ**: (Продолжение)

И гарантирам јас ќе бидам присутен, но некој што тврди дека сака закон нема да биде присутен.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитуван пратеници, имам впечаток дека веќе заборавивме за што расправаме. Јас само да ве потсетам дека има решение на претседателот на Собранието на Република Македонија за свикување на 67-та седница со предложен дневен ред. Имаше коректно даден предлог од координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за продолжување на прекинатата седница. И до тука работата беше се во ред. Сега ние расправаме за се и сешто. Ако е намерата оваа седница да не се одржи, мислам дека тоа треба да се каже јасно и недвосмислено, затоа што да се спречи Парламентот да работи тоа што е должен да работи има многу начини и фала богу ние ги изнаоѓаме. Па тука се спомнува местење на пратеници, па тука се спомнува коалицијата, па тука се спомнуваат директори итн. и тоа е можно. Меѓутоа, јас ве повикувам да размислиме дали е тоа наша функција, дали сметате и вие како што јас веќе почнав да мислам дека веќе предизборната кампања е започната и дали ова останато време до истекнување на нашиот мандат ќе биде реклама на партиите на. пратениците и индивидуална и партиска за да добиеме и на следните избори. Дали е тоа продуктивно, дали тоа служи на она за што ние секогаш се удираме во гради дека се залагаме за организирање на власта во Македонија итн. Јас просто ве молам да размислиме околу овие работи. Целокупната оваа дискусија што се води под фирма на процедурална интервенција е навистина фарса. Тука веќе нема никаква процедура. Процедурална беше интервенцијата на координаторот и за тоа требаше да се гласа, односно да се гласа за предлогот на претседателот на Собранието, или за предлогот на координаторот на

пратеничката група. Другото е се фарса. Сакам и јас како и некои други пратеници да протестирам овој пат на начинот на кој ја користиме говорницата за да ги девалвираме органите и институциите кои што тука немаат претставници. Тука беше на перфиден начин речено дека Уставниот суд на Република Македонија не одлучил по некоја иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на некој пропис заради тоа што има притисов од Владата. Кој и да слушне дека со такви квалификации се занимаваме навистина ќе се доведе во прашање и авторитетот и на таа инстанца на власта во Македонија како независна итн. Доколку говорникот има аргументи дека Владата се меша во работата на Уставниот суд, јас не знам дали тоа го има, меѓутоа сите околности укажуваат дека Владата баш никакви ингеренции нема спрема Уставниот суд, односно спрема одлуките што тој ќе ги донесе, затоа што сведоци сме сите дека токму тој Уставен суд укина дузина на закони што ги донесе овој Парламент, а што ги предложи Владата. Според тоа, тука работата да биде сосема чиста заради авторитетот на тој суд на кој еве да веруваме дека ќе му веруваме, и во иднина.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, немав намера да се јавувам за збор, но сметам дека треба да се реагира на една заложба од членот на македонскиот олимписки комитет и потпретседател на Собранието господинот Тито Петковски овде јавна искажана која што ја сметам за директно мешање во уредувачката политика на македонската телевизија, односно искажаната заложба за укинување на директните телевизиски преноси од работењето на Парламентот. Сметам дека тоа е една многу перфидна работа овде, една многу перфидна заложба со цел да се исклучи единствениот медиум на кој што може да претендира опозицијата. Како опозиција сме исклучени комплетно од сите можни

медиуми. Единствено ни е преостанато директно телевизиски пренос од овој Парламент да можеме да продреме до најшироките маси во Република Македонија. И затоа сметам дека коалицијата, власта во Македонија тоа и преостанува уште една последна задача да изврши влијание во куќата која што има огромно влијание да го исклучи медиумот и ние како опозиција да бидеме приморани да одиме на вон-институционални и на улични демократии.

Исто така, сметам дека слабоста на позицијата, на коалиционата влада што не може да си ги среди внатре партиските односи во коалиционата влада, уцените помеѓу коалиционите партнери се единствените што ја блокираат работата и работењето на овој Парламент. Затоа предлагам да продолжиме. Ја прифаќам заложбата на говорниците кои што се залагаа за продолжување на 66-та седница и сите други претходно прекинати седници, па дури потоа да можеме да одиме на 67-ма седница, од причини~што и координаторот на ВМРО-ДПМНЕ Томислав Стефковски што кажа дека не се работи за закони и законски проекти кои се од итен карактер.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Без разлика што не ми беше спомнато името, меѓутоа бев на некој начин предизвикан на реплика од проста причина, затоа што сите во Македонија, целата јавност знае дека Владата издаде соопштение околу плаќањето на РТВ претплатата. Сите знаете дека Уставниот суд, пред Уставниот суд е поведена постапка за оценуваше на уставноста на одредени членови од Законот за радио дифузија донесен во 1974 година. И после две години од донесување на новиот устав тој закон не е изменет. Во тоа се состои. Меѓутоа после донесувањето на соопштението од страна на Владата околу РТВ претплатата Уставниот

суд таа постапка сеуште ја нема завршено. Тоа се факти, тоа е вистината.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас не сакам да политизирам и да објаснувам овде^зошто и како е оваа седница закажана, а како е одложена онаа. Овде се тврди дека итноста на законите налагаат да се свика таа седница. Зарем овој беше најитниот закон што другите мораат да чекаат за забрана на нуклеарни централи. Еве ги кај нас се градат 10, па сега мора донесеме по итна постапка закон за нуклеарните централи, најитно треба да свикаме седница за да ги спречиме, а да не зборувам дека 90% се сите закони што ги носите со по три члена внатре измена. Срамота е со такви работи, па велите уште закони носиме. 90% се сите со по три члена измени и дополнувања на Законот за казни, да не биде пет, десет илјади, туку да биде од 10 плати до 20 плати, до 30 плати. Еве ја итноста што ја предлагате вие. И сакате да ја заведите со телевизија и со другите. Па и така нека нема пренос на телевизија затоа што секогаш нас не оцрнува телевизијата, само вас ве тапанчи таму пред телевизија.

**СТОЈАН АНДОВ**

Ве молам да нема недоразбирање. Овде имаме многу важни закони кои навистина не можат да чекаат. 12 се до фаза на предлог за донесување. Тие бараат време, фази им требаат, а треба да почнат да делуваат од 1.01.199 4 година. Секогаш може да се најде нешто вакво чудно и смешно но работата е во сосема друго.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа, господине претседателе, нека важи тоа и за мене, но на оваа говорница не се излегува со една цел, важно е јас да кажам, па како ќе тече и дали ќе тече седницата не е важно. Ние на дневен ред

имавме решение за свикана седница од Претседателството на Собранието, односно претседателот на Собранието. Исто така, спомна мојот колега господинот Халити имавме и друг предлог, меѓутоа од место следам и гледам дека претседателот на Собранието реагира немоќно и кога другите кажуваат работи кои обично се кажуваат на седници под точка разно. Ние за оваа седница немаме точка разно, туку имаме конкретно решение за свикана седница и тоа што опозицијата е за 66-та седница да продолжи, тоа е предлог и барање, имавме и барање во името на независните пратеници исто така се кажа и од позицијата, јас мислам дека треба сега да се оди на конкретно со нашето лично убедување и со нашето гласање одиме на 66-та седница,или 67-ма седница. А тоа што ги спомнуваме 41-та седница, 51-та, 53-та, 65-та итн. тие седници исто така се наши на овој парламент и преку нив не ќе можеме. Тие седници мораме ние да ги завршиме и да ги довршиме. Затоа предлагам да се оди на гласање и да се работи.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Господа, полека,полека преминуваме веќе кон избори. Така мене ми се чини, ми личи дека повеќе се води предизборна кампања, иако реков дека треба да се донесат овие закони. Ми падна во мислата сега една работа. Јас не сум правник,. меѓутоа, зошто овој закон, го поставувам прашањето и до министерот за правосудство, тој сега нов е, не е од старите, ќе го исклучам, зошто ова Собрание не протестираше досега, зошто овој системски закон за судство три години работиме тука, работиме со туѓи закони, или со некои приклучоци од некои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На тоа ќе се навратиме.

IV/6

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Мене ми се чини дека во тој период дури не постоеше овој закон се изврши огромен криминал во оваа држава. Затоа што автоматски не работеа и другите институции за прогон. Тоа е мое видување. Може слободно секој да стане и да ми каже дека Митко, тоа не е така и дека поинаку.

И уште една забелешка имам, ние не работиме на тековна сметка, ние не треба да паѓаме во минус никоггаш, а ние изгледа сите работиме на тековна сметка. Секој може да си каже што сака, секој може да си рече што сака. Сфатете ме дури така работиме и не ги носиме овие закони по ред, ние ќе бидеме во минус. Овој закон требаше поодамна да се донесе. Меѓутоа, што е сега така, така е. Ве молам да се оди по ред, да не ја оставиме таа седница, да не ја заборавиме како 41-та седница, 53-та и не знам која друга.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Бранко Арсовски, со писмо ме извести дека го повлекува од дневниот ред за денешната седница Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси со Предлог на закон од причини што решенијата што ги предлага во овој закон веќе се опфатени во Законот што Собранието на Република Македонија го донесе во месец јули 1993 година.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за денешната седница да се дополни со предлозите на одлуките за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување. Предлозите на одлуките за избор на членови на конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи и предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Штип.

Кој е за предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, молам да крене рака? (51 пратеник.)

(Реакции од место)

Ние треба еднаш да се договориме дали ќе бидеме Собрание или ќе бидеме митинг. Седници на Собранието, на оваа седница, или продолжување на стара седница закажува само претседателот. Вие можете на претседателот да му предложите да закаже продолжување на седница. Предложивте, ќе ја закажам кога ќе ја закажам, ништо натаму. Или ќе работиме по деловник, или нешто друго.

Ве молам кој е за предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата молам да крене рака? (51 пратеник).

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Ве молам да се утврди точниот број на присутни пратеници. Констатирам дека 82 пратеници се присутни.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Господинот Стефковски има деловничка интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека заради авторитетот на Парламентот треба да се уважува деловникот. Имаме грубо кршење на деловникот доколку се продолжи да се утврди на дневен ред и да почне 67-та седница. Затоа останувам на нашиот предлог заради авторитетот на овој Парламент да се знае кој го крши , кој не. Да се гласа по нашиот предлог да продолжи 66-та седница. И се враќаме сто пати назад сто пати ќе излезат пратениците за да се убедуваме дека она што се прави во врска со 67-та седница е спротивно на деловникот. Ги доведува во прашање и другите седници, а со тоа некој добро нека размисли кога крева рака дали ќе гласа за дневниот ред за 67-та седница,

Едноставно ќе ја завршевме оваа постапка доколку претседателот го ставеше на гласање нашиот предлог за продолжување на 66-та седница. Штом веќе сме глуви за таквото однесување и за предлозите кон опозицијата јасно е дека ние во тој случај ќе се заштитиме не како пратеничка група туку го штитиме угледот на Парламентот на Република Македонија.

Затоа барам пауза од 1 час.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Објавувам пауза од 1 час.

(Седницата прекина во 13,35 часот).

`(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 15,55 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

(Пратениците влегуваат во салата освен пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

Поради немање на доволен број пратеници не можеме да продолжиме со работа.

Јас прекинувам работата на денешната седница, а утре продолжуваме во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,20 часот).